С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 10 година XLIV

15 август 2008

128.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/1
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. (61/04, 96/04 и 67/07) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

О Д Л У К А
измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 22/07) се врши следното изменување и дополнување:

После член 11 се додава нов член „11 а“ кој гласи:

„Член 11 а

Исплатата на надоместоците на трошоците поврзани со работата на вработените во локалните јавни установи (боледување подолго од 6 месеца, потешки последици од елементарни непогоди, смрт на вработен или член на неговото семејството и отпремнина при заминување во пензија) ќе се извршува од Буџетот на Општина Велес за 2008 година од Програма D0 Градоначалник-тековни резерви, разновидни расходи.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува согласно Законот за работни односи и Колективниот договор“.

Член 2

Во член 13 зборовите „над 2,5 км“ се бришат и се додаваат зборовите „онолку колку обврзуваат законските одредби“.

Член 3

Во член 14 после зборот „исплатува“ зборовите до крајот на реченицата се бришат и се заменуваат со „во висина од 25% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци“.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07 –3984/1
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

129.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008-2018

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008-2018, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/2
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08– пречистен текст).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.07.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Генерален Урбанистички план на град Велес, дел од урбана единица 7, урбан блок 42 2008 - 2018

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008 - 2018

По утврдувањето на Нацрт Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008 - 2018 ќе се спроведе Стручна расправа.

Член 2

Стручната расправа на Нацрт Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008 - 2018 организира Градоначалникот во просториите на Општината. Денот и часот на одржување на Стручната расправа на Нацрт планот ќе се објави во јавни гласила.

Член 3

По спроведената Стручна расправа се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-3984/2
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

130.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8“ - Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8“ – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/3
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08– пречистен текст).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8 “, (5,89ha) - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8 “, (5,89ha) - Општина Велес. По утврдувањето на Нацрт Деталниот урбанистички план Урбан блок „8 “, (5,89ha) - Општина Велес ќе спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета на Нацрт Деталниот урбанистички план Урбан блок „8 “, (5,89ha) - Општина Велес ќе се спроведат во просториите на Општина Велес.

Времето на изложување на Нацрт планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација ќе се објави во јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-3984/3
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

131.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање намена на објект - спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов - Џинот сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање намена на објект – спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов – Џинот сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/5
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање намена на објект –спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов -Џинот сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се дава намена на објектот на ул. „9-ти Ноември“ бр.54, КП бр.9168 Велес – сопственост на Општина Велес, спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

Член 2

На објектот на ул. „9-ти Ноември“ бр.54, КП бр.9168 Велес – сопственост на Општина Велес, спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов-Џинот му се дава повеќекратна намена и тоа:

1.Спомен соба на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

2.Музеј на Македонско-шведскиот

3.Етно-соба уредена со карактеристиките од времето на Џинот.

4.културен центар

5.Седиште на Асоцијацијата на градови со архитектонско наследство.

Член 3

За Спомен-соба на Џинот се наменува просторијата што се наоѓа на првиот кат лево и во која се влегува директно од чардакот. Спомен-собата е со димензии 4.10 х 4.30 м. За нејзино уредување Локалната установа Народен музеј ќе изготви проект.

Член 4

За Музеј на Македонско-шведскиот културен центар - Етно-соба уредена со карактеристики од времето на Џинот, се наменуваат гостинската соба која се наоѓа на првиот кат од куќата и во која се влегува директно од чардакот оплеменета со долапи, огниште и карактеристичен дрвен таван, а е со димензии 5.30 х 5.00 м и двете простории во продолжение со димензии 4.00 х 3,50м. 4.20 х 4.20 м.

Член 5

За седиште на Асоцијацијата на градови со архитектонско наследство се наменува просторијата во приземјето на објектот со димензии 8.60 х 4.00 м.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/5
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

132.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/6
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно глава V од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.22/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

Општина Велес е сопственик на објект од КП 1999 за КО Велес кој се наоѓа на ул.„Алексо Демниевски", и се состои од зграда 1 од 540 м2 и зграда 2 од 243 м2 (во евиденција).

Општина Велес се јавува како градител на зграда 2 со вршење на реконструкција и доградба и со цел за да се издаде одобрение за градење, градителот се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 742.735,оо денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила нарединот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/6
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

133.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ООУ „Св.Кирил и Методиј" Велес

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ООУ „Св.Кирил и Методиј"

Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/7
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.08. 2008 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ООУ„Св.Кирил и Методиј“ Велес

Член 1

Општина Велес е сопственик на недвижен имот – објект кој се наоѓа на ул.„Владимир Назор“ , заведен на КП 5736 со површина под објект од 498м2 и двор од 141м2, КП 5738 површина 303м2 –етаж и на КП 8410 со површина под објект од 1545м2 и двор од 1276м2за КО Велес во ИЛ 25825.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука се дава на користење на Општинското основно училиште„Св. Кирил и Методиј“ Велес.

Член 3

Во состав на објектот покрај работните канцеларии, училници и наставни кабинети има сала за спортување и други простории кои не се користат за редовна настава.

Член 4

За изведување на редовна настава корисникот ќе ги користи работните простории со инвентарот кој е ставен на располагање, согласно Програмата за работа на училиштето.
Просториите како салата за спортување и други простори, корисникот може да ги издава на правни или физички лица со цел да се задржи намената на просторот кој се издава.

Член 5

Просторот може да се издава на начин и постапка која ќе биде спроведена транспарентно и јавно. По завршување на постапката и изборот на најповолен понудувач корисникот ќе потпише договор за користење и ќе го извести сопственикот за извршениот избор.

Член 6

Издавањето на просториите ќе биде со утврден надоместок, за кој согласност ќе даде Училишниот одбор на корисникот.

Средствата прибрани од издавањето на просторот ќе се користат за тековно одржување на објектот.

Член 7

За начинот на користење на просториите од страна на други лица, корисникот е должен да води посебна евиденција и до сопственикот еднаш годишно да доставува извештај за начинот на користење на просториите со друга намена.

Член 8

Оваа Одлука ќе биде правен основ за упис на правото на користење на предметниот објект при надлежниот орган за упис на недвижности.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/7
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

134.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/8
15.08.2008 година
Велес,

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина В е л е с
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/07, 5/07) се врши измена и дополнување во член 1 каде после зборот „Звезда“ се додаваат зборовите„ и на Здружението на бранители-учесници во воениот конфликт 2001-2001 “.

Член 2

Во член 2 од Одлуката после зборот „Звезда“ се додаваат зборовите „ и на Здружението на бранители-учесници во воениот конфликт 2001-2001„.

Член 3

Во член 3 од Одлуката после зборот „ Звезда“ се додаваат зборовите „ и Здружението на бранители-учесници во воениот конфликт 2001-2001„.

Член 4

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да утврди пречистен текст на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/8
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

135

. Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/9
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04 и 127/06) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.4/05, 11/05, 13/05 и 1/06) во членот 2 во табеларниот приказ на единствената мрежа на линии за општинскиот линиски превоз, во реден број 1 називот на линијата Превалец – Автобуска станица – Долни дуќани во колоната 4 трасата на линијата се менува и гласи:

„Преку улиците: „Благој Ѓорев“, „Маршал Тито“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Петре Прличков“, „Димко Најдов“.“

Под реден број 2 во колоната 4 после зборовите „Маршал Тито“, се бришат зборовите „Страшо Пинџур“ и „Гоце Делчев“.

Член 2

Во членот 23 во табеларниот приказ на попатните автобуски стојалишта за општинскиот линиски превоз на патници текстот во редниот

број 1 во колона 2 во текстот Насока Превалец – Автобуска станица – Долни дуќани се бришат зборовите „Страшо Пиңур и Гоце Делчев“.

Под реден број 2 во колона 2 текстот после зборовите „Преку улиците“се брише и се додава:„Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пиңур“, „Маршал Тито“, „Алексо Демниевски“, „Наум наумовски Борче“, „Благој Ѓорев„ , „Орце Мартинов“, „Самоборска“, „Васил Ѓоргов“, „Благој Ѓорев“, „Маршал Тито“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“.

Под реден број 2 во колоната 3 после зборот „Дом ма АРМ“ се брише „Основен суд“ а на негово место се додава зборот „Сармаале“.

Во колона 4 се брише зборот „Основен суд“, а на негово место се додава зборот „Сармаале“.

Член 3

Во членот 33 по ставот 2 се додаваат став 3 и 4 кои гласат:

„Комисијата во рок од 30 дена по завршувањето на објавата за својата работа поднесува извештај до Градоначалникот на Општина Велес како и предлог листа на доделени линии на превозниците.

Врз основа на предлог листата Градоначалникот во рок од 15 дена донесува решение за избор на доделени линии на превозниците. “

Член 4

Во членот 41 во ставот 1 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„ – превозникот не се придржува на регистрираниот возен ред, редовно не ја одржува линијата, самоиницијативно ја менува трасата на линијата, качува и слегува патници надвор од автобуските постојки согласно регистрираниот возен ред;“

Член 5

Членовите 43 и 44 се бришат, а бројот на наредните членови се намалува за 2.

Член 6

Се задолжува Комисијата за Статут и прописи да утврди пречистен текст на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/9
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

136.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за расходување на основни средства сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за расходување на основни средства сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/10
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за расходување на основни средства сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши расходување на основни средства, сопственост на Општина Велес. Кско основни средства се евидентираат 120 светлечки арматури од 250 w и 400 w.

Член 2

Расходувањето на основните средства-светлечки арматури се врши на предлог на Комисијата за утврдување и попис на основни средства-светлечки арматури, поради нивна неупотребливост и застарениот тип на светлечки тела.

Член 3

Бројот и типот на расходувани основни средства – светлечки арматури се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Расходувањето на основните средства – светлечките арматури да се изврши со продажба на истите како стара и неупотребувана арматура

и истата да ја изврши Комисијата составена од 3 (три) члена, формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Средствата прибрани од продажбата на основните средства -светлечки арматури, ќе се наменат за набавка на светлечки тела.

Член 5

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на евидентирање на паричната вредност која би се стекнала со продажбата во Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/10
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

137.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлука за изготвување Студија за потфат за поведување на иницијатива за пристапување кон јавно-приватно партнерство

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Одлука за изготвување на Студија за потфат за поведување на иницијатива за пристапување кој јавно-приватно партнерство, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/4
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Одлука за изготвување Студија на потфат за поведување на иницијатива за пристапување кон јавно-приватно партнерство

1.Советот на Општина Велес не ја усвои Одлуката за изготвување Студија за потфат за поведување на иницијатива за пристапување кој јавно-приватно партнерство.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/4
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/11
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/11
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.53/01) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на13.08.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година (“Службен гласник на општина Велес” бр. 22/07 и 7/08) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

После став 1 Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Расходи,

-позиција Ј Комунални дејности

.....точка ЈА Изградба на јавно осветлување

.....точка 12.Изградба на трафостаници износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 850.000,оо ден.

.....се додава нова точка 13. Довод на напоен кабел со потребен пресек до Јавен објект Библиотека со повеќе наменска сала со износ од 150.000,оо ден.

- позиција ЈД1 Изградба на улици износот 6.620.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.790.000,оо ден. а во :

... точката 7. Изградба на улица паралелно со ул.„Благој Ѓорев“ (помеѓу „1-ва Комуна“ и „Благој Ѓорев„ износот 1.500.000,оо ден.се брише и се заменува со износот 700.000,00 ден. а после точка 13 се додава нова

..... точка 14. Бетонирање на улица„ Јовче Чучук“ (Јурија) со износ 400.000,оо ден.

..... точка 15. Бетонирање на улица „ Родна Ивева“ со износ 120.000,оо ден.

..... точка 16. Поплочување на улица спој на „Благој Ѓорев“ со ул.„Алексо Демниевски„ со износ 200.000,оо ден. во соработка со ЈКП Дервен Велес

..... точка 17. Поплочување на улица „Цар Самоил“ со износ 250.000,оо ден.

- позиција ЈД3 Изградба на тротоари износот 6.320.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.200.000,оо ден. а во :

.....точка 1. Тротоар на улица „Алексо Демниевски“ од Нова аптека до Пионерски износот 600.000 ден се заменува со износ 430.000,оо ден.

.....во точка 9. зборот „асвалтирање“ се брише и се заменува со зборот „поплочување“.

После точка 13 се додава нова точка 14. Поплочување на тротоар на ул.„Страшо Пинџур“ со износ 50.000,оо ден.

- позиција ЈД4 Изградба на потпорни ѕидови износот 6.250.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.840.000,оо ден. а во :

.....точка 1. Регулација на река Вардар износот 5.250.000 ден се заменува со износ 2.250.000,оо ден.

.....точка 3. „Роса Плавева“ износот од „300.000,оо“ се брише и се заменува со „390.000,оо“.

.....после точка 6 се додава нова точка 7 Изградба на потпорни ѕидови со пристапна рампа пред Библиотека со повеќенаменска сала во износ од 1.700.000,00 ден.

.....се додава нова точка 8 Изградба на потпорни ѕидови и скали на ул.„Благој Ѓорев“ во износ од 800.000,00 ден.

- Позиција ЈД Изградба на локални патишта износот од „2.450.000,оо“ ден. се брише и се заменува ос „2.360.000,оо“ ден.. а во

.....точка 3. „С.Сливник – с. Рлевци“ износот „500.000,оо“денари, се брише и се заменува со „410.000,00“денари.

позиција ЈН Урбана опрема капитални расходи износот 1.400.000,оо ден. Се брише и се заменува со 1.850.000,оо ден., а во :

.....точка 2 Ракофати и огради а износот 800.000,оо се брише и се заменува со 1.250.000,оо ден.

.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/11
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

139.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/12
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3984/12
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 год.,донесе

ПРОГРАМА
за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 22/07) се врши измена и дополнување во Глава II. Активности, во табеларниот преглед

Во I. Спортски манифестации

- Во позиција под реден број 1, зборовите „Бон бон куп забавно спортска рекреација за деца од 8-11 години" се бришат и се заменуваат со зборовите „ Мала спортска олимпијада за деца: приказ на стари заборавени спортски натпреварувања",

во колона рок зборот „април" се брише, понатаму во колона носител зборовите „спортски педагози" се бришат и се заменуваат со „ПК „Пеливан" и во колона вкупно бројот „10.000" се брише и се заменува со бројот „20.000";

- Во позиција под реден број 5, во колона – Вкупно бројот „5.000" се брише и се заменува со „10.000";

- Во позиција под реден број 6, во колона – Вкупно бројот „3.000" се брише и се заменува со „23.000";

- Во позиција под реден број 7 зборовите „Турнир во мал фудбал за пионери – спортски терени во ОССУ „Јовче Тесличков" се бришат и се заменуваат со „Турнир во мал фудбал за пионери – Трајков Ѓоре – Пушкаш" и во колона Вкупно бројот „10.000" се брише и се заменува со „50.000";

- Во позиција под реден број 9 во колона – Вкупно бројот „5.000" се брише и се заменува со „20.000";

- Во позиција под реден број 10 во колона – Вкупно бројот „20.000" се брише и се заменува со „35.000";

- Во позиција под реден број 11 во колона – Вкупно бројот „20.000“ се брише и се заменува со „30.000“;

- Во позиција под реден број 12 во колона – Вкупно бројот „20.000“ се брише и се заменува со „30.000“;

После реден број 14 се додаваат 4 нови позиции:

15.	Меморијален туринир „Ѓорѓи Гајдов“		РК „Борец“	25.000		25.000
16.	Меморијален турнир „Елвира Зафирова“		ЖОК „Борец“	15.000		15.000
17.	Меморијален кошаркарски турнир за јуниори „Виларов Тони“		КК „Ангели“	25.000		25.000
18.	Меморијален турнир во карате „Ѓорѓиевски Мирко“		КК „Гемиции“	10.000		10.000

Постоечката позиција под реден број 15 станува позиција со реден број 19 и во истата во колоната Вкупно бројот „30.000“ се брише и се заменува со „60.000“.

Во делот Вкупно: бројот „313.000“ се брише и се заменува со бројот „543.000“.

- Понатану во табелата во глава II. Поддршка на спортски сојузи, се додава нова позиција под реден број 4 со текст: „Лига систем натпревари во голем фудбал за пионери и кадети“, во колона рок „по утврден календар“, во колона носител „ОФС Велес“ и во колона – Вкупно се впишува „50.000“.

Во делот Вкупно: бројот „250.000“ се брише и се заменува со бројот „300.000“.

-Понатаму во табелата во глава IV. Поддршка на спортот во градот, во позиција под реден број 1, во колона – Вкупно бројот „1.000.000“ се брише и се заменува со „1.500.000“.

Во позиција под реден број 2, во колона Вкупно бројот „60.000“ се брише и са заменува со бројот „70.000“.

После точка 2 се додава нова точка број 3 со текст „Меѓунанроден аикидо семинар – Реален аикидо“, во коланата носител „ЦБВ „Бушидо““ и во колона – Вкупно се впишува „10.000“.

Во делот Вкупно: бројот „1.060.000“ се брише и се заменува со бројот „1.580.000“.

-Понатаму во табелата во глава V. Инвестиции, во позиција под реден број 5, во колона – Вкупно бројот „1.500.000“ се брише и се заменува со „800.000“;

Поматаму во позиција под реден број 6, во колона – Вкупно бројот „70.000“ се брише и се заменува со „570.000“;

После реден број 10 се додаваат две нови позиции 11 и 12 кои гласат:

11.	Уредување на игралиште во с.Башино Село		Општина Велес	200.000		200.000
12.	Изградба на затворен базен		Донација			

Во колоната СЕ ВКУПНО: бројот „4.473.000“ се брише и се заменува со бројот „5.273.000“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/12
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

140.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/13
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/13
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

141.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/14
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за измена и дополнување на Деловникот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/14
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

142.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за повлекување на точка од дневен ред – Иницијатива за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/15
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за повлекување на точка од дневен ред

1.Иницијативата за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес, предлагачот ја повлече од дневен ред.

2. Иницијативата ќе биде поставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/15
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

143.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информацијата за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/16
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3984/16
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

144.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање Координативно тело за имплементација на Акциониот план за борба против корупцијата

Се објавува Решението за формирање Координативно тело за имплементација на Акциониот план за борба против корупцијата, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.08.2008 година.

Број 08-4014/17
15.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), а согласно Одлуката за усвојување на Локален акционен план за борба против корупцијата на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 5/08),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Координативно тело за имплементација на Локален акционен план за борба против корупцијата

Советот на Општина Велес формира Координативно тело за имплементација на Локален акционен план за борба против корупцијата на Општина Велес, согласно Одлуката за усвојување на Локален акционен план за борба против корупцијата на Општина Велес.

Координативното тело го сочинуваат 15 (петнаесет) члена, претставници на повеќе институции, чиј мандат трае до спроведување на планот, согласно временската рамка утврдена во планот.

За членови на координативното тело се именуваат:

· Дејан Гавазов,
· Ацо Петров,
-Валентина Делиманчева Андреева и
-Оливер Гашев , членови на Советот на Општина Велес;
-Фиданка Иванова , преставник од урбана зедница;
-Тасе Илиев , преставник од месна заедница;
-Бобан Коруновски ,невладина организација;
-Весна Шкортова ,невладина организација;
-Убавка Јаневска , локални медиуми;
-Петре Печков , локални медиуми;
-Кочо Анѓушев, , бизнис сектор;
-Сотир Амтов , бизнис сектор;
-Ристе Рисафов преставник од МВР-СВР;
- Иле Танев , преставник од Основен суд и
- Љупчо Тодоров , преставник од Управа за јавни приходи.

Координативното тело е задолжено за имплементација, мониторинг и евалуација на Акциониот план за што ќе доставува Информации до Градоначалникот, Советот на Општина Велес, Државната Комисија за спречување на корупцијата, меѓународната заедница и јавноста на локално, национално и меѓународно ниво.

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-3984/17
13.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

128	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година**	**246**
	О Д Л У К А измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година	
129	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од Урбана единица 7, Урбан блок 42 2008-2018**	**247**
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од урбана единица 7, урбан блок 42 2008 - 2018	
130	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8“ - Општина Велес**	**247**
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план Урбан блок „8 “, (5,89ha) - Општина Велес	
131	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање намена на објект - спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов - Џинот сопственост на Општина Велес**	**248**
	О Д Л У К А за давање намена на објект –спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов -Џинот сопственост на Општина Велес	
132	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**	**249**
	ОДЛУКА за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште	
133	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес**	
	О Д Л У К А за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ООУ„Св.Кирил и Методиј“ Велес	**249**
134	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес**	**250**
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес	

Бр на акт **Страница**

135	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес**	251
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес	
136	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за расходување на основни средства сопственост на Општина Велес**	252
	О Д Л У К А за расходување на основни средства сопственост на Општина Велес	
137	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлука за изготвување Студија за потфат за поведување на иницијатива за пристапување кон јавно-приватно партнерство**	253
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Одлука за изготвување Студија на потфат за поведување на иницијатива за пристапување кон јавно-приватно партнерство	
138	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година**	253
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година	
	П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година	
139	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година**	255
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година	
	ПРОГРАМА за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година	
140	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година**	257

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец мај и јуни 2008 година

141 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес** **257**

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес

142 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред** **258**

З А К Л У Ч О К за повлекување на точка од дневен ред

143 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес** **258**

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за досегашната реализација на активностите поврзани со процесот на изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

144 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање Координативно тело за имплементација на Акциониот план за борба против корупцијата** **259**

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Координативно тело за имплементација на Локален акционен план за борба против корупцијата

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00